Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 ноември 2022 година**

Седницата започна во 14:05 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Сања Томовска, заменик-нотар.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записниците од 88-та,90-та, 91-та, 92-та (тематска), 93-та, 94-та и 95-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 9,  13, 16, 18, 19 и 25 октомври 2022 година

Пред преминување на дневен ред

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Поглавје 18 Статистика од Кластер 1-фундаментални вредности

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Поглавје 5 Јавни набавки од Кластер 1-фундаментални вредности

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

1. Листа за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (м.в „Пазариште" на КП.бр.52 и м.в. „Којнарски пат" КО Режановце)

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.25/22)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.26/22 (КП.бр.1247 КО Гази Баба)

6. Предлог- одлуки за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ТИРЗ Скопје 1 (У бр.98/20)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижина ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У-100/20

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.101/20 ТИРЗ Скопје 1)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.102/20

10. Предлог за воспоставување на нова кредитна линија за обртни средства за компании погодени од енергетска и ценовна криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со дополнување

11. Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

12. Годишна сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година, Финансиски извештај за периодот 1 јануари 2021 година-31 декември 2021 година и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

13. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие ,,Колекторски систем“, со Предлог-одлука

14. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, со Предлог-одлука

15. Информација во врска со склучување на спогодба за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем каде Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2023 година, со текст на Спогодба, прилог и дополнување

16. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на раководител, заменик-раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост

17. Предлог-одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

18. Статут на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација за преземање на идни активности за намалување на неформалната економија

20. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија, со усогласен текст на Меморандум

21. Предлог-одлука за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје

22. Информација за измена на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење стручни работи од областа на животната средина, со Предлог-уредба

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година

24. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км 9+910 до км 10+305 КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Миле Тодорчев, ул.Дојранска бр.31, Неготино, со Предлог-одлука

27. Информација за постапувањето по Извештајот на Државниот инспекторат за труд по однос на извршениот надзор на законитоста на постапката за склучување на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

28. Информација за преземање на мерки за управување со нападот од боровиот четник (Thaumetopoea pityocampa)

29. Предлог-решение за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“

30. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со Предлог-одлука

31. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на модната конфекција Линеа прима ДООЕЛ Штип на локалитетот „Грдовци“, с.Прибачево, Општина Кочани, со Предлог-одлука

32. Информација во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина-калцитски мермери на локалитетот „Цуцул-Говрлевска Краста“, Општина Сопиште на Друштвото за нискоградба во градежништвото Лабин Атанас ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

33. Информација во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

34. Информација во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

35. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ВИН-ИМ ДООЕЛ Виница на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница

36. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, трговија, градежништво и инженеринг Марибел увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот ,,Пештерица-Ѓуровица“, Општина Прилеп

37. Информација за потребата од склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Албанија за соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Меморандум

38. Предлог одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина (ноември 2022-мај 2023)

39. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО-мисијата „NATO Mission Iraq-NMI“ во Ирак

40. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово (февруари 2023-август 2023)

41. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (enhanced Forward Presence-eFP), во Република Летонија

42. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово (мај 2023 -ноември 2023 година)

43. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq- NMI“ во Ирак

44. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република (јули 2023- јануари 2024)

45. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан (јули 2023 година-јануари 2024 година)

46. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина (јануари 2023-јули 2023 година)

47. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република

48. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина (мај 2023-ноември 2023 година)

49. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

50. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

51. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1367 на Советот од 4 август 2022 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Тунис
53. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Казахстан со седиште во Актобе

54. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Казахстан, со седиште во Актобе

55. Предлог на закон за изменување на Законот за трговија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

56. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

57. Предлог на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

58. Предлог на закон за изменување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

59. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов

60. Иницијатива поднесена поднесена од Самка Ибраимоски од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 153-а став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија' бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21)

61. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6841 за КО Радовиш, на КП бр.984, викано место/улица Бел Камен

62. Понуда од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5957 и Имотен лист бр.32356 за КО Велес, на КП бр.8462, викано место/улица Ордан Џинот, со дополнување

63. Понуда од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица Османски Рид

64. Понуда од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63062 за КО Битола 5, на КП бр.10615/2, викано место/улица „Кафтанџица"

65. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.665, за КО Маџари, на КП бр.2082, викано место/улица „Мамушница"

66. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.665, за КО Маџари на КП бр.2082, викано место/улица „Мамушница"

67. Понуда од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102464 за КО Тетово 2, на КП бр.4290/1, викано место/улица „Град Тетово" и Имотен лист бр.101226 за КО Тетово 2, на КП бр.4290/1, викано место/улица „Браќа Миладиновци"

68. Понуда од нотар Љупка Караџовска-Главинче од Битола, продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7604, за КО Битола 5, КП бр. 1408 викано место/улица „Индустриски Пат"

69. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 9528, за КО Гази Баба, на КП бр. 2138/2, викано место/улица улица 516 бр. 5

70. Понуда од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5162 за КО Пробиштип, на КП бр.1018/37, викано место/улица В. Влаховиќ, со дополнување

71. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15810, за КО Центар 1 на КП бр.9201, викано место/улица „Макарија Фрчковски" бр.64 и Имотен лист бр.104110, за КО Центар 1 на КП бр.9201, викано место/улица „106"

72. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 7 ноември 2022 година, доставен под И.бр.2316/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 1802 за КО Романовце-вонград

73. Кадровски прашања

74. Прашања и предлози

75. Шестмесечен извештај од надзорот над функционалноста на АКМИС во судовите

76. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година

77. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2021 година

78. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-подземна вода на локалитетот „с.Гари“, Општина Дебар од Друштвото за производство и трговија на големо и мало Мали Лошињ ДОО експорт-импорт Скопје на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори МЛ-Гари ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

79. Барање за поддршка за реализација на проектот „Прочистување и подготовка на вода за пиење во општините Кавадарци, Неготино и Росоман“

80. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година

81. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Могила

82. Информација за донесување на протокол за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица, со текст на Протокол

83. Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година

84. Информација за објава на сервис на платформата за интероперабилност и јавен портал за користење на податоци од базата на транспортери во Министерството за транспорт и врски, при вршење на контрола од страна на контролните органи и граѓаните

85. Информација во врска со барање за произнесување и доставување на надлежност Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ во врска со Барањето за произнесување и доставување на надлежност, Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово, преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог техничко решение

*

*         *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 88-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2022 година, Записникот од 90-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2022 година, Записникот од 91-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2022 година, Записникот од 92-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година, Записникот од 93-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година, Записникот од 94-та седница на Владата на

Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2022 година и Записникот од 95-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 октомври 2022 година.

*

*   *

Пред преминување на Дневен ред

**Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Поглавје 18 Статистика од Кластер 1-фундаментални вредности**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 18-Статистика од Кластер 1-фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 14 и 15 ноември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 18-Статистика.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 18 Статистика при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ги одобрува плановите за вработување на Државен завод за статистика и да обезбедува средства во буџетот наменети за зголемување на бројот на вработени и јакнење на човечките капацитети преку соодветна обука.

4. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди став за плановите за вклучување на Јавното претпријатие за државни патишта во Секторот „Држава“ (С13), најдоцна до 8.11.2022 година.

**Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Поглавје 5 Јавни набавки од Кластер 1-фундаментални вредности**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 5-јавни набавки од Кластер 1-фундаментални вредности и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2.Се задолжува Работната група за Поглавје 5-јавни набавки при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, во соработка со Министерството за транспорт и врски да достават предлог-одговор до Секретаријатот за европски прашања, по однос на донесувањето на Законот за стратегиско партнерство, кој беше донесен минатата година, за изградба на Коридорот VIII и на дел од Коридорот X, најдоцна до 4.11.2022 година.

**Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

Владата заклучи:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење да го координира настанот што ќе се одржи на 14 декември 2022 година по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на борбата против корупцијата.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија заклучно со 11 ноември 2022 година, да номинираат претставници до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење кои активно ќе учествуваат во работните состаноци и во целокупниот процес на организација заедно со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење.

3. Се задолжува Секторот за односи со јавноста на Владата на Република Северна Македонија, да подготви и реализира план за проактивно информирање на јавноста за сите аспекти од Регионалната конференција.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди логистичка и протоколарна поддршка околу присуството на претседателите на владите од Западен Балкан.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите безбедносни мерки поврзани со пристигнувањето, престојот и заминувањето на претседателите на владите од Западен Балкан.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно спроведување на настанот.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Листата за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран и даде согласност на Листата за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (м.в „Пазариште“ на КП.бр.52 и м.в. „Којнарски пат“ КО Режановце).

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22) за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи по Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.25/22), поради потребата предлагачот да постапи по мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.26/22 (КП.бр.1247 КО Гази Баба).

**Точка 6**

Владата ги одложи од разгледување Предлог-одлуките за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ТИРЗ Скопје 1 (У бр.98/20), поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски и да приложи соодветен доказ предвиден согласно материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19), односно известување дека за недвижните ствари кои се предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, како и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да достави мислење по истите.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижина ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У-100/20, поради потребата предлагачот да достави соодветно известување дека за предметната недвижна ствар не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.101/20 ТИРЗ Скопје 1), поради потребата, мислење по материјалот да достави Дирекцијата за технолошко и индустриско развојни зони, а предлагачот да достави известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.102/20, поради потребата, мислење по материјалот да достави Дирекцијата за технолошко и индустриско развојни зони, а предлагачот да достави известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот за воспоставување на нова кредитна линија за обртни средства за компании погодени од енергетска и ценовна криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со дополнување и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за администрирање нова кредитна линија за обртни средства за компании погодени од енергетска и ценовна криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, согласно Предлогот.

2. Се овластува министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи анекс кон Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд-Ковид 1 со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, со кој износот на средствата на Посебниот кредитен фонд-Ковид 1 ќе се намали за 60.000.000 денари.

3. Се овластува министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи анекс кон Договорот за администрирање на фонд за микро и мали претпријатија-Ковид 3 со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, со кој износот на средствата на Фондот за микро и мали претпријатија -Ковид 3 ќе се намали за 220.000.000 денари.

4. Се овластува министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи анекс кон Договорот за администрирање на фонд за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста-Ковид 4, со кој износот на средствата на Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста-Ковид 4 ќе се намали за 20.000.000 денари.

**Точка 11**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година.

2.Одлуката за давање согласност за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година.

3.Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година.

Исто така, предлагачот во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители, за отстранување на основите за мислењето со резерва во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 12**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година, Финансискиот извештај за периодот 1 јануари 2021 година-31 декември 2021 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година и

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2021 година.
Исто така, предлагачот во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители, за отстранување на основите за мислењето со резерва во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 13**

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие ,,Колекторски систем“, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие ,,Колекторски систем“.

**Точка 14**

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на спогодба за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем каде Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2023 година, со текст на Спогодба, прилог и дополнување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и заемодавачите: Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, Акционерско друштво ГА-МА-Скопје, Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и Акционерско друштво Медиумска информативна агенција-Скопје во државна сопственост да склучат спогодби за регулирање на начинот на плаќање на обврските согласно склучените договори за заем каде Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31 декември 2023 година.

2. Се укажува на надлежните органи на Јавното претпријатие „Национална радиодифузија“, да склучат спогодба за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучениот Договор за заем каде Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31 декември 2023 година.

**Точка 16**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на раководител, заменик-раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за преземање на идни активности за намалување на неформалната економија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 20**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија во врска со спроведувањето на Проектот за макроекономско планирање и управување (ПМПУ) во Северна Македонија (2022-2023 година).

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија во врска со спроведувањето на Проектот за макроекономско планирање и управување (ПМПУ) во Северна Македонија (2022-2023 година).

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење стручни работи од областа на животната средина, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина.

**Точка 23**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година.

**Точка 24**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км 9+910 до км 10+305 КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км 9+910 до км 10+305 КО Лавчани, Општина Кичево.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Миле Тодорчев, ул.Дојранска бр.31, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за постапувањето по Извештајот на Државниот инспекторат за труд по однос на извршениот надзор на законитоста на постапката за склучување на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради потребата по материјалот да се оствари дополнителна координација помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Државниот инспекторат за труд.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на мерки за управување со нападот од боровиот четник (Thaumetopoea pityocampa), ја усвои и го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О-Скопје во соработка со надлежните служби на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја мобилизираат сета расположлива работна сила во текот на зимските месеци 2022/2023 година, за механичко отстранување на гнездата во кои презимуваат иљадници ларви.

**Точка 29**

Владата го донесе Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на модната конфекција Линеа прима ДООЕЛ Штип на локалитетот „Грдовци“, с.Прибачево, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на модната конфекција Линеа прима ДООЕЛ Штип на локалитетот „Грдовци“, с.Прибачево, Општина Кочани.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина-калцитски мермери на локалитетот „Цуцул-Говрлевска Краста“, Општина Сопиште на Друштвото за нискоградба во градежништвото Лабин Атанас ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-калцитски мермери на Друштвото за нискоградба во градежништвото Лабин Атанас ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Цуцул-Говрлевска Краста“, Општина Сопиште.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ВИН-ИМ ДООЕЛ Виница на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди и во прилог на материјалот да достави уверение за платени јавни давачки од Управата за јавни приходи.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, трговија, градежништво и инженеринг Марибел увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот ,,Пештерица-Ѓуровица“, Општина Прилеп.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Албанија за соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Меморандумот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Албанија за соработка во областа на одбраната.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Албанија за соработка во областа на одбраната.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина (ноември 2022-мај 2023), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерство за одбрана.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО-мисијата „NATO Mission Iraq-NMI“ во Ирак.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово (февруари 2023-август 2023).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (enhanced Forward Presence-eFP), во Република Летонија.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово (мај 2023-ноември 2023 година).

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq- NMI“ во Ирак.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република (јули 2023- јануари 2024), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерство за одбрана.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Предлогот-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан (јули 2023 година-јануари 2024 година), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина (јануари 2023-јули 2023 година), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина (мај 2023-ноември 2023 година), ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ", во Република Либан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 51**

Владата по Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, заклучи Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да донесе одлука за изземање од стопанисување на предметните недвижности.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за политички систем.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1367 на Советот од 4 август 2022 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Тунис.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Казахстан со седиште во Актобе.

**Точка 54**

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Казахстан, со седиште во Актобе.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за трговија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложениот Предлог на закон за изменување на Законот за трговија, се предлага да се врши трговија на мало во недела и во продавници, киосци и штандови во трговските центри и молови кои имаат минимална ефективна површина од 2.500 м2. Ваквото решение се предлага со цел да има рамноправност и поголема конкуренција помеѓу трговските центри и молови, а во интерес на потрошувачите.

Се смета дека постојното законско решение ја остварува наведената цел, односно обезбедува рамноправност и поголема конкуренција помеѓу трговските центри и молови, а во интерес на потрошувачите.

Ова од причина што, во постојното законско решение не се прави дистинкција помеѓу трговските центри и молови согласно нивната минимална ефективна површина, туку во членот 25 став 5 точка 3) од Законот е наведено дека трговијата на мало може да се врши во недела и на државни празници и во трговски центри (молови) кои ги исполнуваат минимално техничките услови согласно со прописот од членот 22 став 2 од овој закон.

Правилникот за минимално-техничките услови во продажни објекти во кои се врши трговија на големо и трговија на мало е во постапка на донесување и со истиот не се предвидуваат ограничувања во вид на минимална ефективна површина за трговските центри и молови. Со истиот се дефинира само организациската поставеност на трговскиот центар и молот, се дефинираат дејности кои треба да бидат опфатени во трговскиот центар и мол, како и другите технички услови кои треба да ги исполнува трговскиот центар и мол. Организационата поставеност на трговските центри е согласно приоритетната дејност регистрирана во Централниот регистер на Република Северна Македонија според Националната класификација на дејности во Република Северна Македонија.
Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за изменување на Законот за трговија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 56**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ново мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во август 2022 година заврши проектот „Поддршка на реформите во политиката и законската рамка во шумарството во Северна Македонија“, финансиран од страна на Канцеларијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Во тек е финална фаза за проверка на доставениот Предлог на закон, подготвен од страна на експерти, ангажирани од Канцеларијата на Европската Унија.

Во текот на ноември 2022 година, до ЕНЕР ќе се достави новиот Предлог на закон за шумите, при што целата јавност ќе има можност да достави забелешки кон истиот.

Владата укажува дека во новиот Предлог на закон за шумите ќе бидат земени во предвид предложените измени, доставени од страна на групата пратеници.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со Предлогот на закон за изменување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, се укажува дека во однос на предложеното решение во Законот претставникот на Министерството за култура да биде изоставен од составот на Советот за јавно приватно партнерство не е во согласност со предвидените законски надлежности на истото и реалната можност ова министерство да биде вклучено во реализација на проекти за јавно приватно партнерство.

Воедно, се поставува и прашањето во однос на законското утврдување на бројот на претставници од бизнис заедницата, односно стопанските комори во составот на Советот за јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид моменталната бројна застапеност и функционирање на регистрирани стопански комори во Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на Предлогот на законот за изменување и дополнување на постоечкиот Закон за виното се смета дека измените нема да придонесат кон подобрување на состојбата за реколта 2022 година, а кои се однесуваат за рокот на исплата на винско грозје. За следната година се предвидува да се донесе нов закон за виното кој беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија и за истиот немаше забелешки и коментари.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да не го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за виното, бидејќи се очекува донесување на новиот закон.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Самка Ибраимоски од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 153-а став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија' бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд беше поднесена иницијатива од страна на Самка Ибраимовски од Тетово, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 153-а ставовите (3) и (4) од Изборниот законик, од причина што, оспорените одредби не се во согласност со член 9, членот 23 и член 51 ставот (1) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите од предметната иницијатива, подносителот смета дека секое ограничување во уживањето на правата и слободите мора да биде во согласност со закон и да ја почитува суштината на тие права и слободи. Принципот на еднаквост не смее да биде во судир со заштита на човековите права и слободи.

Согласно член 153-а став (3) од Изборниот законик „Ако наредниот кандидат жена од листата од ставот (2) на овој член не ја извести Државната изборна комисија во рок од осум дена за прифаќањето на мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат жена од листата.''

Ставот (4) од истиот член пропишува ,,Во случај кога е исцрпена листата на кандидати согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, остварувањето на ова право се врши согласно со членот 153 од овој законик.''

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија ,,Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.".

Согласно членот 23 од Уставот на Република Северна Македонија ,,Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.".

Согласно член 51 ставот (1) од Уставот на Република Северна Македонија „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.''.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот би требало да се ценат од аспект на обезбедување рамноправност без да се прави каква било разлика, вклучувајќи ја и разликата во полот што говори за големите заложби што се преземаат во нашето општество со цел обезбедување на систем кој ќе овозможи вистинска рамноправност. Во оваа насока, говорат и домашните и меѓународните извештаи кои што ја следат состојбата во нашата држава за правната и институционалната рамка кои што во голема мера се генерално усогласени со европските стандарди.

Членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија предвидува еднаквост на сите граѓани без разлика на пол, раса, боја на кожа, национално и општествено потекло, политичко и верско убедување, имотна и општествена положба. Иако не постои посебна одредба каде се предвидуваат еднакви можности на жените и мажите во Уставот, посебни одредби за заштита

на жените беа воведени во 2006 година со усвојување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, а Законот за спречување и заштита од дискриминација беше донесен во 2010 година како дел од Националниот акциски план на државата за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација (2015-2020) и Националната стратегија за еднаквост и недискриминација за 2016-2020 година.

Во март 2021 година беше изготвен нов Закон за родова еднаквост со цел да го замени постојниот Закон за еднакви можности на жените и мажите. Квотата за родова застапеност беше воведена во законската рамка за избори на Северна Македонија во 2004 година со цел да се зголеми учеството на жените во политичките и изборните процеси и да се поддржи остварување на поголема родова еднаквост, не само во избраните тела во државата, туку и во општеството во целост. Формулата за квотите за родова застапеност е подобрена по нејзиното првично воведување, со зголемување на прагот на застапеност од 30 на 40 проценти и додавање на уште две места во 2015 година за кандидатските листи за парламентарни и локални избори што служи како добра основа за достигнување на родово балансирано учество и застапеност според одредени правила или критериуми.

Согласно член 64 став (5) од Изборниот законик: „Во поднесената листа на кандидати за пратеници од ставот (2) на овој член и за членови на совет на општината и на Градот Скопје од ставот (3) на овој член, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол, и тоа: на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.“

Како што беше претходно наведено, пропишувањето на квота за родова застапеност од 40 проценти за предлагање кандидати (на кандидатските листи) не значи автоматски дека 40 проценти од избраните кандидати ќе бидат жени. Ова во голема мера зависи од тоа еден кандидат да биде избран во пропорционален систем со затворени листи се значително поголеми ако е на повисоко место на листата. Со оглед на предноста што го носи повисокото место на кандидатските листи, логично би било да се спореди родовиот состав на избраните општински совети и редоследот (рангирањето) на кандидатите за советници на кандидатските листи на политичките партии. Имајќи го предвид наведеното, се смета дека подносителот не е во право кога укажува дека се прави неправда во однос на родовата застапеност на мажите и постигнување надмоќ на жените во политичкиот, јавниот и економскиот сектор.

Согласно наведеното, а имајќи ги предвид препораките на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, во голема мера влијаеа за зголемување на бројот на женски кандидати со цел да се утврди ако жена избрана од кандидатската листа поднесе оставка на таквото место, таа да биде заменета со следната жена на таквата листа.

Конечниот извештај на Набљудувачката мисија за изборите спроведена од ОБСЕ/ОДХИР во Северна Македонија за локалните избори во октомври 2021 година истакна дека жените и натаму се „недоволно застапени на јавните функции, со 45 од 120 места (37,5 проценти) во Собранието и 4 од 15 министерски места во Владата“.

Согласно реформите што нашата држава ги презема за усогласување на националното право со правото на ЕУ и ратификацијата на Истанбулската конвенција на Советот на Европа, во март 2018 година, земјата се обврза да го олеснува значајното учество на жените во политичкиот живот, вклучително и во областа на изборите и одлучувањето. Ратификувани се и следните меѓународни договори поврзани со родовата еднаквост и тоа Конвенцијата на ОН за елиминација на сите видови дискриминација на жените, Пекиншката платформата за дејствување и Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и основните слободи.

Оттука, оспорените одредби со во согласност со Уставот на Република Северна Македонија бидејќи по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и

принципите на Европската Унија истите имаат за цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на Европската Унија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 153-а ставовите (3) и (4) од Изборниот законик е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6841 за КО Радовиш, на КП бр.984, викано место/улица Бел Камен и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5957 и Имотен лист бр.32356 за КО Велес, на КП бр.8462, викано место/улица Ордан Џинот, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 63.**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица Османски Рид и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63062 за КО Битола 5, на КП бр.10615/2, викано место/улица „Кафтанџица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.665, за КО Маџари, на КП бр.2082, викано место/улица „Мамушница“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.665, за КО Маџари на КП бр.2082, викано место/улица „Мамушница“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102464 за КО Тетово 2, на КП бр.4290/1, викано место/улица „Град Тетово“ и Имотен лист бр.101226 за КО Тетово 2, на КП бр.4290/1, викано место/улица „Браќа Миладиновци“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупка Караџовска-Главинче од Битола, продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7604, за КО Битола 5, КП бр. 1408 викано место/улица „Индустриски Пат“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 9528, за КО Гази Баба, на КП бр. 2138/2, викано место/улица улица 516 бр. 5 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5162 за КО Пробиштип, на КП бр.1018/37, викано место/улица В. Влаховиќ, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15810, за КО Центар 1 на КП бр.9201, викано место/улица „Макарија Фрчковски“ бр.64 и Имотен лист бр.104110, за КО Центар 1 на КП бр.9201, викано место/улица „106“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, а особено да се има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 7 ноември 2022 година, доставен под И.бр.2316/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 1802 за КО Романовце-вонград и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 73**

1. Владата го разреши Горан Милевски од должноста член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

1.1 Владата го именува Ристо Пенов, министер за локална самоуправа за член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

2. Владата го разреши Горан Милевски од должноста член на Комисијата за станбени прашања.

2.1 Владата го именува Ристо Пенов, министер за локална самоуправа за член на Комисијата за станбени прашања.

3. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино поради истек на мандатот ги отповика:
- Елена Данева
- Трајче Крстевски

3.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино ги избра:
- Зоран Бањански
- Трајче Крстевски

4. Владата ја отповика Ирма Јукиќ од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, поради истек на мандатот.

4.1 Владата ја избра Елизабета Зелениковска за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје.

5. Владата го отповика Александар Димитријоски од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

5.1 Владата го избра Александар Димитријоски за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост.

6. Владата ја отповика Катерина Андонова од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

6.1 Владата ја избра Катерина Андонова за член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци, поради истек на мандатот ги разреши:
- Лазар Грков
- Даниела Гркова

7.1 Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци ги именува:
- Весна Дамова
- Билјана Трајанова

8. Владата ја разреши Ирена Крајческа од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Македонски Брод, поради истек на мандатот.

8.1 Владата ја именува Христина Секулоски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Македонски Брод.

9. Владата го разреши Мијалче Стојчевски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

9.1 Владата го именува Дарко Милошевски за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

10. Владата го разреши Александар Кангалов од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, на негово барање.

11. Владата ја разреши Розе Младеновска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје, поради истек на мандатот.

12. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното-претпријатие за државни патишта, поради истек на мандатот ги разреши:
- Игор Ѓоргиевски
- Аце Јованов

13. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево, поради истек на мандатот ги разреши:
- Стојан Мицкоски
- Марјана Андриеска

14. Владата ги одложи од разгледување предлозите за разрешување на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандатот и разрешување на двајца членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје, поради истек на мандатот.

**Точка 74**

**1.** Владата ја определи Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи за дополнителен повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по текстот на Предлогот на закон за ратификација на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на Самитот за Западен Балкан, во рамки на „Берлинскиот процес“-3 ноември во Берлин, со Предлог-платформа и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1) Ја прифати Платформата за настап на Делегацијата на Република Северна Македонија за учество на Самитот за Западен Балкан, во рамки на „Берлинскиот процес“, којшто ќе се одржи на 3 ноември 2022 година во Берлин.

2) Се задолжуваат членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Платформата за настап на сесиите, кои се предвидени во рамки на програмата на Самитот.

3) Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите неопходни дипломатски активности и протоколарни подготовки поврзани со учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на Самитот.

**3.** Владата го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (И.Л. бр.14674, КО Сарај, КП 13643 и И.Л. бр.14676, КО Сарај, КП 10236/9).

**4.** Владата го задолжи Министерството за здравство, да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави информација за прогресот на проектот „Реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на Јавната здравствена установа-Општа болница Кичево“.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 20 октомври 2022 година до 26 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанување на важењето на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, поради потребата кон предложената Одлука предлагачот да достави образложение, а материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 20 октомври 2022 година до 26 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Согласно донесената измена на Законот за поштенски услуги во врска со одлагањето на либерализацијата на поштенските услуги до 31.12.2023 година, а со цел подобрување на финансиското работење на АД Пошта на Северна Македонија, Владата заклучи:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и Градот Скопје да ги користат услугите на АД Пошта на Северна Македонија.

**9.** Владата го одложи разгледувањето на Мислењето од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија по Заклучокот бр. 1 од точка 39 од Нацрт-записникот од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 септември 2022 година а во врска со препораката Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги да ја разгледа можноста за ревизија на методологијата за пресметка на тарифата за дистрибуција на природен гас за нов дистрибутер, поради потребата Министерството за економија, Акционерско друштво ГАМА, Национални енергетски ресурси АД Скопје, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да достават мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 октомври 2022 година до 26 октомври 2022 година и согласно

член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата по повод укажувањето на Славјанка Петровска, министер за одбрана, во однос на реализација на заклучокот од точка 45 (Прашања и предлози) од 82-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 септември 2022 година, заклучи:

1)Се задолжува Министерството за здравство, до Владата да достави Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола, донесена на 168-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/19).

2) Се задолжуваат Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи во рок од 7 дена да достават мислења по текстот на Предлог-одлуката до Министерството за здравство, а доколку не ги достават во наведениот рок ќе се смета дека се позитивни.

**Точка 75**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај од надзорот над функционалноста на АКМИС во судовите, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во иднина при подготовка на извештаите за работа да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-подземна вода на локалитетот „с.Гари“, Општина Дебар од Друштвото за производство и трговија на големо и мало Мали Лошињ ДОО експорт-импорт Скопје на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори МЛ-Гари ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

**Точка 79**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за поддршка за реализација на проектот „Прочистување и подготовка на вода за пиење во општините Кавадарци, Неготино и Росоман“, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерство за финансии и Министерство за животна средина и просторно планирање да достават мислење по материјалот, како и предлагачот до Владата да достави финансиски план и динамика на трошење на средствата.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, даде одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години со следнава динамика :

• 2022 година -1.000.000,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 со вклучен ДДВ;

• 2023 година-13.142.039,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години со следнава динамика:

• 2022 година -1.000.000,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 со вклучен ДДВ;

• 2023 година-13.142.039,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 со вклучен ДДВ.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на протокол за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица, со текст на Протокол, ја усвои Информацијата и го усвои Протоколот за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица.

**Точка 83**

Владата ја донесе Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за објава на сервис на платформата за интероперабилност и јавен портал за користење на податоци од базата на транспортери во Министерството за транспорт и врски, при вршење на контрола од страна на контролните органи и граѓаните и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии-Царинска управа да потпишат договор за деловна и техничка соработка со цел размена на

податоци и документи во електронска форма преку користење на ИКТ платформата за интероперабилност, со цел исполнување на целите поставени во Информацијата.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Државниот инспекторат за транспорт да склучат договори за деловно техничка соработка.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за произнесување и доставување на надлежност, Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово, преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог техничко решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ги преземе сите неопходни чекори со цел отпочнување на постапка за проектирање и градба на предлог техничкото решение кое би служело за приклучување на трите бензински пумпни станици на автопатот А1- „Пријателство", делница ГП Табановце-Куманово, и во Годишната програма за 2023 година да го предвиди ова техничко решение за планирање, проектирање, а потоа и градба.
2. Се задолжуваат Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт и врски да постапуваат брзо, навремено и координирано согласно своите законски надлежности.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**